# „Синергија“ - заедничка изложба на Станковски и Галевски

Изложбата ќе биде отворена вечерва во Отвореното графичко студио при Музеј на град Скопје

**Тина Иванова**

„Сликарството и фотографијата имаат парадоксален однос низ веќе фрагментираната историја на уметност, каде овие два медиума се проучуваат како посебни уметности, иако едниот медиум-фотографијата- произлегува од другиот како еден вид технолошка иновација. Иако самото сфаќање на сликарството суштински се разликува од она на фотографијата, тие во многу наврати се испреплетуваат и заземаат иманентни позиции во одредени сегменти на еволуцијата на стиловите“, ќе каже македонскиот ликовниот уметник Александар Станковски за неговата најнова изложба на слики работени врз фотографии на младиот Мартин Галевски. Изложбата, која ќе биде отворена вечерва во Отвореното графичко студио при Музејот на град Скопје во 20 часот, го носи насловот „Синергија“ и содржи 12 дела (фото и масло на платно)работени по принцип на еден вид доработка, досликување или натсликување на принт-фотографии на платно. На тој начин, Станковски и Галевски воспоставуваат корелација во која истовремено доаѓа до стилско и тематско проникнување или дискрапантност во конечниот уметнички продукт. Взаемната соработка на истакнатиот Станковски и младиот фотограф-аматер Галевски, љубителите на уметноста ќе можат и одбликсу да ја доживеат вечерва и во текот на овој месец преку изложените дела кои ги носат насловите: „Ритуал“, „Перпетууммобиле“, „Банана тајм“, „Зајдисонце“, „Џоинт блуз“...

Во каталогот за изложбата, Станковски ќе потенцира дека за него, најинтересен е феноменот на синергија која може да се воспостави меѓу фотографот и уметникот, кога уметничкото проседе на првиот се следи со извесна доза на деликатност и емпатија од страна на вториот. „Тоа е“, ќе каже Станковски, „еден вид на релација што се создава помеѓу кинематограферот и режисерот во уметноста на филмот. Во оваа релација уметникот и фотографот може да се истата личност, а може и да се различни. Кога се различни, искуството на ова креирање уметност потсетува на уметноста на импровизирање во фриџезот. Поточно, каде ќе застане првиот, таму продолжува вториот. Но, за разлика од музиката, каде целиот експеријанс се одвива во времето, овде тоа настанува во просторот создавајќи проблесок на синхроницитет“.

Александар Станковски-Рембрант е добро познат на македонската културна јавност по неговите радикални изложби кои често знаат и да шокираат, а такви реакции, како што вели и организаторот на изложбата „Синергија“, се очекуваат и вечерва. Младиот Мартин Галевски пак, во моментов е студент на Правниот факултет во Скопје, одсек политички науки, но повеќе години активно се занимава и посетува обуки за фотографија. Во неколку наврати објавува фотографии за неделниот магазин „Форум“. Годинава ја доби првата награда од жири на фото конкурс со тема „Лето“ организиран од страна на Генел, дистрибутер на Канон. Вечерашната изложба е прва самостојна изложба на 20 годишниот Галевски.

„За млад човек како мене, на 20 години, голема чест е да се има заедничка изложба со уметник каков што е Александар Станковски. Зашто, не многу од искусните уметници, барем кај нас, се решаваат на таков потег, да земат фотограф-аматер на чии фотографии ќе сликаат“, вели Мартин Галевски. За творештвото на Станковски пак, истакнува: „Со неговите дела се запознав уште од многу мал. Александар Станковски го сметам за еден од најпрогресивните уметници кој знаел да биде и радикален, да привлече големо внимание. Најсилен впечаток ми оставаат неговите дела на кои се насликани ликовите на Хитлер, Исус, Мики Маус..., дела со таква симболика. Станковски е иновативен, во смисла на тоа дека следи свој курс по кој твори“, вели Галевски.






**Александар Станковски: „Уметникот и фотографот може да се истата личност, а може и да се различни. Кога се различни, искуството на ова креирање уметност потсетува на уметноста на импровизирање во фриџезот“; „Банана тајм“ (горе), дел од вечерашната изложба; Мартин Галевски и Александар Станковски**